Република Северна Македонија
Основен суд Виница
Су-04-140/2020-1
04.12.2020 година
Виница

Врз основа на член 20 и член 39 од Законот за судска служба („Службен весник на РМ" бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16 и 198/18), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, формата, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работно место за кои е објавен интерниот оглас, („Службен весник" бр.275/20), Правилникот за систематизација на работните места во Основен суд Виница Су04-24/2015 од 03.04.2015 година, Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места на Основен суд Виница СУ04-157/2018 од 26.12.2018 година, како и согласноста од Министерот за финансии бр.18-5450/2 од 19.10.2020 година и Согласноста од Судски буџетски совет бр.08-928/4 од 22.10.2020 година, на ден 04.12.2020 година објавува,

**ОСНОВНИОТ СУД ВИНИЦА**
**објавува**
**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2020**
**За кариерно унапредување на 1-еден судски службеник**

**1.Категорија Г, ниво Г1 СУД0101Г01002**
**Самостоен референт сметководител -1 еден извршител**

Услови за вршење на работите:
-најмалку вишо или средно обрзаование од економска или друга соодветна област
-најмалку 3 години работно искуство во струката

Кандидатите покрај горенаведените услови, потребно е да ги исполнуваат и посебните работни компетенции:
Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени со актот за систематизација на работните места за соодветното работно место, согласно со член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба (Сл.весник на РМ бр.198/2018).
Работни часови неделно 40 часа
работно време-почеток на работно време 7,30 часот, крај на работно време 15,30 часот
Работни денови од понеделник до петок
Нето плата 19.118 денари

На интерниот оглас може да се јави судски службеник, вработен во судот кој ги исполнува посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво наведени во овој оглас, како и:

-да е оценет со со оценка „особено се истакнува" или се „истакнува" при последното оценување;
-да е на работно место на непосредно пониско ниво или во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
-да поминал најмалку две години на работното место на кое е распореден и
-да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас .

Кон пријавата, кандидатите да ги положат доказите за исполнување на посебните услови, како и доказ за исполнување на посебните работни компетенции и тоа:

-уверение за завршено соодветно образование, во оригинал или нотарски заверено

-доказ за работното искуство

-сертификат за уверение како доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски), во оригинал или нотарски заверено

-диплома, сретификат или уверение како доказ за познавање компјутерски програми за канцелариско работење, во оригинал или нотарски заверено

Условите кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавување.кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.

Пополнетата пријава во писмена форма и доказите за податоците содржани во пријавата кандидатите се должни преку приемната писарница да ја достават до Комисијата за селекција за унапредување.

Рокот за поднесување на пријавите е 8 дена сметано од денот на објавување на веб страната на судот.

**Напомена**:Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата ќе се дисквалификува од понатамошна постапка.

Постапката за селекција и унапредување ќе биде спроведена согласно Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, формата, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работно место за кои е објавен интерниот оглас, („Службен весник“ бр.275/20).

Основен суд Виница
ВД Претседател на суд
Васка Петрова